Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-4631
23-05-2022 год.
СКОПЈЕ

Собранието на ГД Гранит АД Скопје, на годишната седница одржана на 23.05.2022 година, расправајќи за измената на Статутот на ГД Гранит АД Скопје, согласно член 383 и 384 од Законот за трговските Друштва и член 36 и 42-а од Статутот на Друштвото, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на Статутот на ГД Гранит АД Скопје**

I.Во Статутот на ГД Гранит АД Скопје се врши измена и дополнување и тоа:

1. Во Член 54, по став 5 се додава нов став кој гласи:

"Доколку Претседателот на Надзорниот Одбор не е независен член, еден од независните членови на Надзорниот Одбор се именува за заменик претседател"
.

2. Член 78, став 2 се менува и се додава нов став 3.

Во став 2 по зборовите „вредност и стока." реченицата се брише.

Се додава нов став 3 кој гласи:

„Надзорниот Одбор за вршење одделни стручни работи од надзорот може да задолжи одделни членови на одборот, овластени ревизори или стручни лица, како и да формира комисии кои ќе му помагаат во извршувањето на неговите задачи и се грижи тие да имаат состав и ресурси потребни за ефективно извршување на нивната улога. "

Став 3 станува став 4, а став 4 станува став 5.

II. Се задолжува Надзорниот одбор да изготви пречистен текст на Статутот на ГД„Гранит„ АД Скопје.

III.Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание

Марија Шекероска

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје

Доставено до:
- Нотар
- Македонска Берза
- Сектор за ПКОР
- Сектор за финансиски работи ГД Гранит АД Скопје
- Архива